## Објаснување на работната задача

### Вовед

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), учествува во спроведување на активности од проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2 (Empowering Municipal Councils – Phase 2)“, финансиран од Швајцарската влада, Министерство за локална самоуправа, а ко-финансиран и спроведуван од Програмата за развој на Обединети Нации – УНДП.

Проектот има за цел да се продолжат претходно започнатите активности за зајакнување на општините преку зајакнати општински совети, кои се способни ефективно да ги исполнат нивните зададени улоги на претставување, надзор и почитување на општинската легислатива, со вклучување на активни граѓани. Здружението на финансиски работници ќе ја спроведе програмата за развој на капацитетите на општините и ќе придонесе за поширока употреба на алатките за учење од општинските советници, општинската администрација и градоначалниците. Дополнително, ЗФР ќе им обезбеди експертска поддршка на општините во процесите на набавки поврзани со грантовите за проекти од јавен интерес на локалните заедници.

За извршување на своите задачи и одговорности поврзани со спроведувањето на конкретни активности во рамки на проектот, ЗФР има потреба од дополнување на референтната листа на квалификувани и искусни експерти, кои ќе бидат поврзувачки елемент за сите проектни компоненти и главни двигатели на процесот на развој на капацитетите на општинските совети и другите релевантни локални чинители (како на индивидуално така и на колективно ниво). Врз основа на стандардизирани методи и алатки, експертите ќе треба да го пренесат бараното знаење и вештини и да ја олеснат комуникацијата меѓу локалните чинители.

По изборот на експертите ќе биде комплетирана референтната листа на експерти.
Доколку има потреба за ангажман, со експертот ќе биде склучен договор во кој ќе се наведе типот, динамиката и обемот на ангажманот.

Деталите за ангажманот ќе бидат наведени во деталниот Опис на работните задачи (ToR).

Се охрабруваат експерти – вработени на Универзитети, факултети и истражувачки институти и центри, како и експерти од приватниот сектор и здруженија на граѓани да аплицираат на овој повик.

**Овој повик не се однесува на експерти со статус на државни, јавни и административни службеници кои засновале работен однос во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закони, како ~~и~~ јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од Градот Скопје, како и од општините во Градот Скопје.**

### Цели

Генерална цел на ангажираните експерти е да ги поддржат општинските советници и другите релевантни локални чинители, преку нивно информирање за процесот на финансирање на општините, пренос на знаења и вештини во сите области за кои се спроведуваат обуки.

**Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; e-mail zfrlsjpv@t.mk web site www.zfr.org.mk**
**Даночен број МК 4004997107233 Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**

Покрај општинските советници, како примарна целна група, експертите ќе ги поддржат и градоначалниците и вработените во соодветните организациски единици на општинската администрација, кои ќе бидат утврдени во текот на проектот, како и претставници на приватниот сектор во општините.

Експертите ќе треба да испорачаат услуги на начин кој ќе осигура квалитетна и ефективна надградба на постојните знаења и вештините на општинските советници и другите локални чинители, како директни креатори и спроведувачи на локалните политики и услуги. Од експертите се очекува висок степен на продуктивност и конструктивност по однос на соработката со сите засегнати страни во општините, како и соработка со целиот тим на ангажирани експерти од референтната листа и другите ангажирани локални и меѓународни експерти од УНДП.

## Експерти Тип Б - поранешни советници

Експертите Тип Б ќе бидат ангажирани самo за спроведување на обука во училница и тоа:

Период на спроведување: обуките ќе се реализираат во периодот од септември до почетокот на ноермври 2024 година, според детален распоред на обуки.

Дополнително ќе биде дефинирана динамиката на одржување на обуките во текот на 2026 година.

Врз основа на подготвените материјали, од експертите Тип Б се очекува да спроведат обуки како што е наведено погоре.

Обуките во училница ќе биде испорачана заеднички обуки, организирани според бројот и големината на општините. При тоа, во 2024 година ќе бидат одржани две обуки во траење од по два дена, наменете за избраните 10 општини. Дополнително ќе се дефинира бројот на обуките и динамиката на нивното одржување во текот на 2026 година.

## Потребни квалификации на кандидатите

Академски квалификации:

- Најмалку ВСС Образование
- Професионално искуство:
- Најмалку еден мандат на член на совет на: општина во Република Северна Македонија, или на општина во рамките на Град Скопје или во Град Скопје
- Членство во комисија која е соодветна на модулот/областа за која аплицира ќе се смета за предност;
- Искуство во спроведување на слични задачи кои се однесуваат на локалните власти во областите/модулите за кои се аплицира ќе се смета за предност;
- Релевантни претходни анализи и публикации од областа во која аплицира ќе се сметаат за предност;
- Искуство во учество во спроведување на програма за развој на капацитети и поседување соодветен сертификат ќе се смета за предност;
- Сертификати и дипломи од конкретната област на експертиза ќе се сметаат за предност.

Јазични барања:

- Одлично познавање на македонски јазик (вештини за пишување, ревидирање и усно комуницирање);
- Добро познавање на говорен и пишан англиски јазик;

Останати барања:
- Силни аналитички вештини;
- Докажана способност за мултидисциплинарна анализа;
- Докажана способност да се испорачаат услуги во рамките на претходно утврдени и тесни рокови;
- Јасно и убедливо изразување, прилагодување на стил и содржина на различна публика;
- Јасно и убедливо говорење, демонстрирање на силни презентациски вештини;
- Активно слушање, потврдување и конструктивно презентирање на ставови;
- Избраните обучувачи ќе треба да се достапни за спроведување на активностите според проектниот работен план
- Подготвеност за патувања и теренска работа;

**Познавање на албански јазик ќе се смета за предност.**

**Со денот на започнување на спроведување на Програмата за развој на капацитетите на општинските советници да немаат статус на избрани лица во централна и локална власт.**

**Процедура за аплицирање**
Заинтересираните кандидати потребно е да достават:
- Информација за модулите на кои аплицираат);
- Мотивационо писмо (краток есеј, до 1.000 зборови) со опис на експертизата релевантна за оваа задача и причините зошто се сметаат себеси за најдобри кандидати во конкретната област(и) за која аплицираат;
- CV со податоци за генералното и специфичното искуство за спроведување на слични задачи и други релевантни податоци;
- Референта листа на слични проекти и детали за контакт од минимум 2 клиенти

**Некомплетните апликации нема да се земат во предвид. Ве молам доставете ги сите побарани документи.**

**Критериуми за избор**

Сите прифатливи апликации, ќе бидат оценети на следниот начин:
- **Универзитетска диплома - најмногу 10 поени:**
    - Висока стручна спрема (VII/1) - 7 поени,
    - Магистратура (VII/2) – 10 поени

- **Мандати како советник - најмногу 15 поени:**
    - за еден мандат - 5 поени;
    - за два мандати – 10 поени;
    - за три или повеќе мандати – 15 поени

- **Сертификати и дипломи релевантни на областа – најмногу 10 поени;**
    - до **3 сертификати и дипломи - 5 поени;**
    - **над 3 сертификати и дипломи - 10 поени;**

- **Позиција во советот на општината и членување во релеватни национални тела - најмногу 15 поени:**
    - Претседател на Советот на општината, Претседател на комисија во Советот на општината и Член на Комитетот на советите при ЗЕЛС - 15 поени;

- Претседател на комисија и претседател на Советот на општината - 10 поени;
- Претседател на комисија во Советот на општината - 5 поени;

- **Најмалку 5 години практично искуство како експерт - презентер во соодветната област - најмногу 10 поени:**
  - Пет години искуство - **5 поени**;
  - Шест и повеќе години искуство - **10 поени;**

- **Искуство во спроведување на проекти - најмногу 15 поени:**
  - за искуство во спроведување на еден проект - 5 поени;
  - за искуство во спроведување на два проекти - 10 поени;
  - за искуство во спроведување на три и повеќе проекти - **15 поени**;

- **Искуство во учество во спроведување на програма за развој на капацитети и поседување соодветен сертификат - 15 поени.**

**Надомест по експертски ден и други релевантни информации**

За ангажманот на селектираниот експерт ЗФР ќе исплати бруто надомест во висина од 100 US$ во денарска противвредност (со примена на оперативниот курс на Обединетите Нации по кој ќе бидат примени средствата од UNDP во корист на Здружението на финансиски работници), за еден реализиран експертски ден, во кој износ се вклучени и дневници на експертите. Од бруто износот, на денот на исплатата Здружението на финансиски работници ќе исплати данок на личен доход и на индивидуална резидентна трансакциска сметка на експертот во банка по негов избор на територијата на Република Северна Македонија ќе го исплати нето надоместот.

Обучувачот ќе треба да пополни и достави евиденциски образец за секој потрошен експертски ден, во кој ќе треба да ги опише спроведените активности, кој ќе биде предуслов за исплата.

Исплатата на вкупниот бруто надоместок ќе се изврши во рати, според динамиката на имплементација на проектните активности и според добиените траншни од УНДП. Деталите за ангажирањето на експертите, правата и обврските на двете страни, како и исплатите ќе бидат уредени со индивидуален договор со секој експерт.

Сите услуги вклучувајќи ги и предвидените продукти кои треба да се доставaат во пишана форма експертите ќе треба да ги реализираат на македонски јазик.

Оброците и ноќевањата поврзани со учество на настани и работа на терен, како и трошоците за превод на материјали и консекутивен/симултан превод од македонски на англиски и албански јазик ќе бидат покриени од УНДП. Транспортните трошоци за учество на работилниците ќе бидат покриени од ЗФР, според процедурите на проектот